СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ

# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 26 | Скопје, вторник 7 септември 1948 год | Год. IV

Ракописите се испрак'аат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ“ Пошт. фах 51 Скопје и не се врак'аат

Цена на овој број е 4 динари. Претплатата за цела година 250 дин. за едно полугодие 125 динари

**190**

Врз основа на чл. 29 од Уредбата за принадлежностите на државните службеници на Народна Република Македонија пропишувам

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ПОСЕБНИТЕ ЛИЧНИ ДОДАТОЦИ НА ДРЖАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### I ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Посебни лични додатоци можат да им се доделуваат на службениците под условите пропишани во овој Правилник.

Член 2

На службениците можат да им се даваат посебни лични додатоци во следните случаи:

1) кога работат подолго време прекувремено по потреба на службата со успех;

2) за работа која што бара поголемо стручно знаење и искуство;

3) на службениците кои што постојано извонредно и особено се заложуваат за службата или во службите кои што бараат особени усилија;

4) на службениците кои што со своите народни организаторски способности допринесуваат кон подобра организација за службата и на работата;

5) на службениците кои што едновремено вршат повеќе повеќе должности;

6) на службениците кои што ја вршат работата под особено тешки односно по живот опасни околности;

7) на службениците кои што вршат особено поверливи работи;

8) на службениците кои што работат на некој пронаоѓак за да им би се овозможило остварувањето на замислата.

### II ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК ЗА ПРЕКУВРЕМЕНА РАБОТА

Член 3

Посебен личен додаток за прекувремена работа се дава во постојан месечен износ или во вид на еднократна (паушална) награда.

Член 4

За давање на посебен личен додаток за прекувремена работа во постојан месечен износ потребно е да се исполнат овие услови:

1) прекувремената работа да е предизвикана од потребата на службата односно да се појавува како неопходна по самата природа на службата (на пример: неделна работа на службениците што работат во смени; вршење службата на оние места на кои што се работи редовно во недела со публика; вршење службата на оние места на кои што еден дел од редовните работи мора секидневно да се врши вон од редовното работно време и сл.);

2) во текот на годината прекувремената работа да трае непрекинато или постојано да се повторува во одредени временски размаци (работа во недела и слично) или да трае непрекинато три, четири или повеќе месеци) за време на кампања и сл.); и

3) прекувремената работа да е наредена со писмена наредба од старешината на надлештвото, установата или претпријатието, како и да таја наредба го опфанала службеникот.

Старешината на надлештвото, установата или претпријатието треба, по можност, во наредбата да го одреди и рокот на траењето на прековремената работа.

Покрај исполнувањето на предните услови потребно е извршената работа да одговара и квалитативно и квантитативно на работата што се врши во редовното работно време.

Член 5

Спрема времето, обемот и квалитетот на прекувремената работа висината на додатокот во постојан месечен износ се дава во следните проценти од основната месечна плата, и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| до 2 сата дневно | — — — — | 10—20% |
| до 3 сата дневно | — — — — | 20—30% |
| преку 3 сата дневно | — — — | 30—40% |

Изузетно на службениците од звањата на третата и четвртата врста може да им се дава 10% повеќе од наведените, ако прекувремената работа бара кај нив поголеми усилија одошто кај другите службеници.

Ако прекувремената работа во поглед на бројот на сатите трае нерамномерно, к'е се земе просечниот дневен број на сати во текот на месецот и спрема тоа к'е се одреди процентот.

Посебниот личен додаток за прекувремено работење во постојан месечен износ се дава до сума од 3.000 динари.

Член 6

Посебниот личен додаток за прекувремена работа во вид на еднократна (паушална) награда се дава на службеници кои што низ извесно време работеле прекувремено на работи што не можеле да се извршат во редовното работно време, на значително го надминуваат опсегот на редовната работа односно послувањето (на пример: работи врзани за спроведување некоја кампања; работи што мораат да се извршат во изузетно краток рок; работа на медицинскиот персонал во случаи на некоја епидемија; вонредни работи предизвикани со преустројство, реконструкција, позголемување на работниот план и сл.).

И во овој случај потребно е да се исполнат соответните услови од чл. 4, т. е. прекувремената работа да е предизвикана со потребата односно природата на службата, да е успешно работата извршена и да е писмено наредена на од-

редени службеници од страна на старешината на надлештвото, установата или претпријатието.

Во колку ваква прекувремена работа е извршена без предходна писмена наредба на надлежниот старешина, непосредниот старешина мора дополнително да ја оправда и да ја докаже стварната потреба, како и исполнението на другите услови во смисла на предните одредби.

Член 7

Висината на еднократната награда се одредува сходно на критериумот што важи за посебниот личен додаток во постојан месечен износ (чл. 5).

Член 8

Посебниот личен додаток за прекувремена работа, било да се дава во постојан месечен износ или во вид на еднократна награда, се исплатува уназад, и тоа првиот на крајот на месецот а вториот по правило на крајот на годината. Посебниот личен додаток во вид на еднократна награда може да се исплати, изузетно и после извршената работа во колку се дава за одредена работа што е веќе извршена (по завршетокот на кампањата; по завршетокот на работата која што нема да се повторува; во случај на преместување на службеник што работел прекувремено и сл.).

Со платниот список по кој што се врши исплатата на посебниот личен додаток за прекувремената работа, мора да се навогу образложена и од надлежниот старешина потврдена сметка на прекувремената работа, било да се дава додатокот во постојан месечен износ или во вид на еднократна награда.

Член 9

Посебниот личен додаток за прекувремена работа не може се даде ни во постојан месечен износ или во вид на еднократна награда:

1) на службеници што примаат плата односно додаток по ефектот на работата; и

2) на службеници кои што по природата на службата се врзани за работното место подолго од редовното работно време, а чија што работа поради својата специфичност не може да се мери како работата на другите службеници нити може да се смета како прекувремена работа (на пример скретничари, надзорници или чувари на обекти, светиничари, служители со жилишта во зградата на надлештвото и сл.).

Исто така посебен личен додаток за прекувремена работа не може да се даде;

а) ако е веќе дадена наградата на службеникот за прекувремена работа по некој друг основ; или

б) ако потребата за прекувремена работа настанала поради недостаточно заложување на службеникот во редовното работно време.

Член 10

Решение за давање посебен личен додаток за прекувремена работа во постојан месечен износ или во вид еднократна награда донесува старешината надлежен за назначување на службениците.

Решение за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбори.

III. ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК ЗА РАБОТА ШТО БАРА ПОГОЛЕМО СТРУЧНО ЗНАЊЕ И ИСКУСТВО

Член 11

Како поголемо стручно знање и искуство се смета:

1) знање на страни јазици, ако това знање во вршењето на редовните работи се применува како дополнително и ако потребата на службата тоа стварно го бара (на пример: преведување доколку тоа не спаѓа во редовно работење; службено оптштење со лица кои што зборуваат страни јазици; кореспондирање со страни установи и лица; знање и примена на страни јазици во дактилографијата и стенографијата и сл.), во колку тоа не спаѓа во редовна должност на службеникот;

2) нарочни испити и школи или нарочна стручна спрема што е потребна за вршење на извесни работи на едно звање, а која што спрема односно испити и школи ја немаат другите службеници од истото звање, под услов тоа позитивно да се одразуга во работата;

3) специјални практични работи од областа на работите што ги врши службеникот а кои што овозможуваат квалитативно подобра или поекспедитивна работа, подобро решавање на проблемите во службата;

4) теоретско разработување на проблемите и изнаоѓување на нови методи и системи за службата;

5) располагање, покрај знањата од својата струка, уште и со знање на друга струка, ако потребата на службата бара да се применува знањето и на другата струка;

6) големо стручно знање и искуство за вршење работи од своето звање, поголемо од другите службеници од исто звање, односно службеници што работат на иста работа, под услов да се ползува това за подобрување на службата за побрзо вршење на работите или за квалитативно подобра работа;

7) други слични случаи од поголемо стручно знање и искуства со кои што се постигнуват уштеди во издатоците, подобрување на квалитетот на работењето или се поголемува експедитивноста на работењето.

Член 12

Висината на посебниот додаток за работа што бара поголемо стручно знање и искуство се одредува во постојан месечен износ до 3.000 динари, зависно од резултатите што ќе се постигнат, од квалитативно подобро или поекспедитивно вршење на работите и од стварната корист односно од постигнатите уштеди во персоналот или во другите издатоци.

Додатокот во постојан месечен износ се исплатува по правило на крајот на месецот, во колку старешината односно органот надлежен за давање посебен личен додаток ќе навначи во решението исплатата да се изврши унапред.

Во колку поголемо стручно знање и искуство се применувало повремено во текот на годината, или потребата на службата барала тоа да се применува само за извесно време за извршувањето на некоја одредена задача, посебниот личен додаток се дава во вид на еднократна награда на крајот на годината или по завршетокот на работата што била условена со поголемото стручно знање и со искуство на службеникот. Во овој случај висината на наградата се одредува сходно на критериумот што е изнесен во првиот став од овој член, со тоа да не може вкупниот износ од една или повеќе вакви награди во текот на една година да биде поголем од 10.000 динари.

Член 13

Решение за давање посебен личен додаток за работа што бара поголемо стручно знање и искуство донесува надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата.

Решение за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбор во согласност со надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата.

За давање посебен личен додаток во постојан месечен износ поголем од 1.500 динари, или во вид на еднократна награда поголема од 5.000 динари, потребна е предходна согласност на Претседателот на Владата, кој што ова право може да го пренесе на секретарот за персоналната служба на Владата на Народна Република Македонија.

## IV ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ КОИ ШТО ПОСТОЈАНО ИЗВОНРЕДНО И ОСОБЕНО СЕ ЗАЛОЖУВААТ ЗА СЛУЖБАТА ИЛИ ВО СЛУЖБИТЕ ШТО БАРААТ ОСОБЕНИ УСИЛИЈА

### а) ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ КОИ ШТО ПОСТОЈАНО ИЗВОНРЕДНО И ОСОБЕНО СЕ ЗАЛОЖУВААТ ЗА СЛУЖБАТА

Член 14

Постојано извонредно и особено заложување на службата постои:

1) кога службеникот со својата особена активност и заложување, самоиницијатива, со предлози и сугестии допринесува кон подобрувањето на службата, нејзиното усовршување, правилното одвивање и експедитивноста, а особено кога тоа подобрување го преминува опсегот на единицата во која што службеникот работи (новатори и рационализатори во администрацијата, во колку за нив не важат други прописи);

2) кога службеникот особено и постојано се заложува во отстранувањето пречките и совладувањето тешкотиите при извршувањето на поедини поважни задачи или кога со успех ги извршува особено доверените му задачи;

3) кога службеникот постигнал значително поголем и по квалитетот подобар учинок во работата од нормалниот и со своето постојано заложување, совети и напатствија, како и со проучавање допринесол учинокот на работата да се поголеми и кај другите службеници;

4) кога службеникот во текот на своето редовно работење со нарочно заложување настојава во стручното знање да ги издигне нижите службеници, обучавајк'и ги и упатувајк'и ги во своето стручно знање или искуство, допринесувајк'и со тоа кон позголемувањето на обимот и подобрувањето квалитетот на работата;

5) кога постојат случаи слични на напред наведените.

Член 15

Посебниот личен додаток на службениците кои што постојано извонредно и нарочно се заложуваат за службата се дава во постојан месечен износ во висина до 2.000 динари, зависно од тоа колку службеникот се заложува и колкави успеси се постигнуваат, што к'е се образложи конкретно во решението со кое што се дава посебниот личен додаток.

Во колку заложувањето било врзано со одредени задачи или се испољувало повремено во текот на годината посебниот личен додаток к'е се даде во вид на еднократна награда до сумата од 7.000 динари.

Посебниот личен додаток во постојан месечен износ се исплатува месечно уназад, а додатокот во вид на еднократна награда после извршената работа или на крајот на годината.

Член 16

Решение за давање посебен личен додаток од чл. 14 донесува надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата.

Решение за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбори во согласност со надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата.

Ако висината на посебниот личен додаток што се дава во постојан месечен износ ја преминува сумата од 1.000 динари потребна е предходна согласност од Претседателот на Владата, кој што ова право може да го пренесе на секретарот за персоналната служба на Владата на Народна Република Македонија.

### б) ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК ЗА СЛУЖБИТЕ ШТО БАРААТ ОСОБЕНИ УСИЛИЈА

Член 17

Посебен личен додаток за службата што бара особени усилија се дава на службениците само во случај ако надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата, Генералниот секретар на Владата и извршниот одбор на околискиот односно градскиот народен одбор во согласност со Претседателот на Владата со посебна наредба предходно пропишал дека извесна служба има да се смета како служба што бара особени усилија и ако таја наредба го опфаќала службеникот.

Како служби што бараат особени усилија к'е се сметаат на пример:

1) контролната и инспекциската служба, ревизионата служба и службата на безбедноста на пловидбата, како и други слични служби што се вршат на терен, во колку не се дава награда во вид на теренски додаток или во некоја друга форма;

2) спроведување организација на помали претпријатија и установи вон од населби;

3) вршење служба во претпријатија и установи каде постојат тешкотии во снабдувањето;

4) теренска служба во сезоната при извршувањето на поедини работи; и

5) други работи и служби што се вршат под слични околности односно услови.

Член 18

Со наредба од предходниот член к'е се одреди и износот на посебниот личен додаток за поедини звања, со тоа да не може додатокот да биде поголем од 2.000 динари. Исто така со наредба к'е се пропише дали посебниот личен додаток има да се исплатува уназад или унапред.

Член 19

Решение за давање посебен личен додаток за службата која што бара особени усилија донесува старешината од организационата единица, во колку со наредбата по чл. 17 од овој Правилник не к'е биде пропишано инаку.

Решенија за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбори.

## V. ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ КОИ ШТО СО СВОИТЕ ОСОБЕНИ ОРГАНИЗАТОРСКИ СПОСОБНОСТИ ДОПРИНЕСУВААТ КОН ПОДОБРА ОРГАНИЗАЦИЈА НА СЛУЖБАТА И РАБОТАТА

### Член 20

Допринесувањето кон подобра организација на службата и работата се состои:

1) во изнајдување нови организациони форми пора ди кои што се постигнува уштеда или подобар квалитет на работата;

2) во подобро и поправилно распоредување на кадровите;

3) во организацијата на ефикасна контрола;

4) во организацијата на подобра евиденција и постојаниот преглед на евиденцијата;

5) во превземање мерки за стручното издигање на службениците и работниците;

6) во изнајдување и спроведување на организациони мерки за рационалното и економското исползување на материјалот, машините и др. средства;

7) во оперативното раководење со работите во сузбивањето на непотребното администрирање, а особено во сузбивањето останките од бирократизмот.

### Чл. 21

За да би можел да се додели посебниот личен додаток од предходниот член мора да биде конкретно и видливо подобрувањето на организацијата, што може да се докаже и да се образложи со позголемувањето ефектот на работата или со подобрувањето квалитетот на работата, како и со подобрувањето на дејноста воопшто.

Посебниот личен додаток на службениците кои што со своите особени организаторски способности допринесуваат кон подобра организација на службата и работата се дава, по правило, во вид на еднократна награда, а само изузетно во постојан месечен износ.

Вкупниот износ на една или повеќе награди во текот на годината за организаторска способност не може да ја премине сумата од 10.000 динари, а во постојан месечен износ сумата поголема од 3.000 динари.

Висината на овој додаток се одредува:

а) по резултатите што се постигнуваат со подобрувањето на организацијата на службата и работата;

б) по значењето и обемот на организационата единица во однос на пониските и повисоките организациони единици во една гранка на службата, како и во однос на другите гранки на службата; и

в) по заложувањето и активноста на службеникот.

Посебниот личен додаток во постојан месечен износ се исплатува месечно унапред, а во вид на еднократна награда полугодишно или на крај на годината.

### Член 22

Решение за давање посебен личен додаток од чл. 20 од овој Правилник донесува надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата.

Решение за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбори во согласност со надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата.

Ако посебниот личен додаток во постојан месечен износ се дава во сума поголема од 1.000 динара, а [illegible] вид на еднократна награда во сума по[illegible] од [illegible] потребна е предходна согласност на Претседателот на Владата, кој што ова право може да го пренесе на секретарот за персонална служба на Владата на Народна Република Македонија.

## VI. ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК ЗА ЕДНОВРЕМЕНО ВРШЕЊЕ НА ПОВЕЌЕ ДОЛЖНОСТИ

### Член 23

Посебен личен додаток за едновремено вршење на повеќе должности се дава при исполнувањето на овие услови:

1) службеникот едновремено покрај редовната должност да врши и други должности и тоа да ја налажува потребата на службата;

2) секоја од тие должности по својата природа и обемот на работата да претставува посебно работно место;

3) тоа да трае извесно подолго време или да се повторува често пати; и

4) надлежниот старешина писмено односно орган да наредил или да одобрил едновремено вршење на повеќе должности.

Овој додаток не може да се даде:

а) ако работното место редовно го опфаќа вршењето на повеќе должности, со оглед на природата на службата или малиот опсег на работењето; или

б) ако службеникот за вршењето на други должности добива награда по некој друг основ (хонорар за часови во школи и на курсеви; додаток за прекувремена работа и сл.).

### Член 24

Ако едновременото вршење на повеќе должности трае непрекинато извесно подолго време во текот на годината, додатокот се дава во постојанен месечен износ, а ако се појавува тоа како изузетно во извесни временски раздобја, додатокот се дава во вид на еднократна награда

### Член 25

Висината на додатокот за едновремено вршење на повеќе должности се одредува:

а) по значењето на организационата единица;

б) по значењето и тежината на поедините должности;

в) по обемот на работите на поедините должности; и

г) по постигнатиот квалитет на работата во вршењето на тие должности.

Додатокот во постојан месечен износ се дава и тоа:

1) за работи од звањата на првата врста до 2.000 дин.

2) за работи од звањата на втората врста до 1.500 дин.

3) за работи од звањата на третата врста до 1.200 дин.

4) за работи од звањата на четвртата врста до 800 дин.

Една или повеќе еднократни награди за едновремено вршење на повеќе должности во текот на една година не може да го премине износот од 5.000 динари.

Посебниот личен додаток во постојан месечен износ се исплатува месечно унапред, а додатокот во вид на еднократна награда полугодишно или на крајот на годината.

### Член 26

Решение за давање посебниот личен додаток за едновремено вршење на повеќе должности донесува надлежниот член на Владата, претседател на Комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата кои што тоа право до сумата од 1.000 динари можат да го пренесат на другите старешини овластени за назначување на службениците.

Решение за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбори во согласност со надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата

## VII ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК ЗА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ШТО РАБОТАТ ПОД ОСОБЕНО ТЕШКИ ОДНОСНО ПО ЖИВОТ ОПАСНИ ОКОЛНОСТИ

### Член 27

Посебен личен додаток за службеници што работат под особено тешки односно по живот опасни околности се дава само во случај ако надлежниот член од Владата во согласност со претседателот на Владата, со посебна наредба предходно пропишал дека извесна работа се смета како работа што се врши под особено тешки односно по живот опасни околности.

Како работи што се вршат под особено тешки односно по животот опасни околности к'е се сметаат на пример:

1) работа на пловни обекти додека се наоѓа параход во лука во која што има зараза или кога превезуваат терети опасни по живот;

2) работа на отстранување мини или на багерување минирано дно, како и работа на ронилеци кога ронат во минирани зони;

3) работа на производство на серуми, вакцини, алкалоиди, цијан-фармацеутски хемикалии (синтетски препарати);

4) работа во претпријатија односно места во кои што постои опасност од труење поради непосреден додир со материи, како што се фосфор, никотин, арсен и неговите единења, бензол и неговите хомолози, нитро и слични единења на ароматското работење, нитрозни плинови и сл.;

5) работа околу рентгенски постројки и со радиум;

6) работа во инфективни болници и одделенија;

7) работа во патолошко-анатомски институти за судска медицина и просектура;

8) работа што е во врска со талење метали;

9) работа на персонал запослен во кесони;

10) работа во рудници опасни по здравјето и по животот;

11) работа во жешки погони; и

12) други слични работи.

### Член 28

Со наредба од предходниот член к'е се одреди до кој највисок износ може да се дава овој додаток, кои звања к'е бидат опфанати и кај кои организациони единици односно работни места, со тоа да не може износот на посебниот личен додаток во постојан месечен износ да биде поголем од 2.000 динари.

Посебниот личен додаток за работа што се врши под нарочно тешки односно по живот опасни околности се исплатува месечно унапред.

### Член 29

Решение за давање посебен личен додаток за службеници што работаат под особено тешки односно по живот опасни околности донесува старешината надлежен за назначување на службениците.

Решение за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбори.

## VIII. ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ШТО ВРШАТ ОСОБЕНО ПОВЕРЛИВИ РАБОТИ

### Член 30

Посебен личен додаток за вршење особено поверливи работи се дава на службениците само во случај:

а) ако надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата предходно со посебна наредба одредил извесни одредени работи дека к'е се сметаат како особено поверливи; и

б) ако вршењето на тие нарочно поверливи работи има постојан карактер.

### Член 31

Посебен личен додаток за вршење на особено поверливи работи се дава во постојан месечен износ, и тоа:

1) за службеници од прва врста до 2.000 динари.

2) за службеници од втора врста до 1.500 динари.

3) за службеници од трета врста до 1.200 динари

4) за службеници од четврта врста до 800 динари

Овој додаток се исплатува месечно унапред.

### Член 32

Решение за давање посебен личен додаток за вршење на особено поверливи работи донесува старешината надлежен за назначување на службеници во колку со наредбата од чл. 30 од овој Правилник не к'е биде пропишано инаку.

Решение за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбори.

## IX. ПОСЕБЕН ЛИЧЕН ДОДАТОК НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ШТО РАБОТАТ НА НЕКОЈ ПРОНАЛАЗОК

### Член 33

На службениците што работаат на некој проналазок може да им се даде личен додаток за да би им се овозможило остварувањето на нивната замисла.

Додатокот се дава во постојан месечен износ до 3.000 динари, а се исплатува месечно унапред.

### Член 34

Решение за давање додатокот на службениците што работат на некој проналазок донесува надлежниот член на Владата, претседател на комитет односно комисија на Владата и Генералниот секретар на Владата во согласност со Претседателот на Владата.

Решение за давање на овој додаток на службениците на народните одбори и нивните установи и претпријатија донесуваат надлежните извршни одбори на околиските односно градските народни одбори во согласност со Претседателот на Владата

## X. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Член 35

Во решението за доделување посебен личен додаток, било да се дава во постојан месечен износ или во вид на еднократна награда, мора да се наведе основот по кој што се дава додатокот. Освен тоа решението мора да содржи конкретни разлози поради кои што се дава додатокот (на пример: не е доволно во разлозите само да се рече: „за постојано вонредно или особено заложување во службата", но треба и да се наведе и во што конкретно се состои тоа заложување, во што се одразило на службата итн.). Во оваа смисла мора исто така да се образложи и одредувањето висината на додатокот.

### Член 36

Посебен личен додаток во постојан месечен износ може да се додели најдолго за време од 12 месеци. Со истекот на овој рок исплатата автоматски се запира, во колку старешината односно органот надлежен за доделување додатокот не донесе ново решение. Во колку додатокот е доделен за пократко време, исплатата на додатокот се запира со истекот на рокот назначен во решението.

За решенија со кои што се одлучува да се со исплатата на додатокот во постојан месечен износ продолжи, во колку за такво решение е век'е дадена порано согласност од Претседателот на Владата потвторно барање на согласност не е потребно.

Член 37

Во наредбите чие што донесување е предвидено со овој Правилник к'е се одреди рокот на нивното траење. Во колку во наредба не е назначено до кое време останува во сила, мора по истекот на две години да се донесе нова наредба. Во противно исплатата врз основа на старата наредба к'е се запре со истекот на рокот од две години.

Член 38

При преместувањето на службеникот или назначувањето на друга должност надлежниот старешина односно орган во колку е во прашање додаток во постојан месечен износ кој што на таков службеник му е доделен, к'е донесе решение да ли и во кој износ к'е се продолжи исплатувањето на посебниот додаток. Во колку не се донесе ново решение исплатата на посебниот личен додаток автоматски к'е се запре.

Ако се донесе решение со исплатата на посебниот личен додаток во постојан месечен износ да се продолжи, а донесувањето на првото решение било условено со согласноста од Претседателот на Владата, тогаш и за новото решение потребно е да се прибави согласност во колку се работи за преместен службеник односно за службеник што е назначен на друга должност.

Член 39

Кога постојат повек'е основи по кои што посебниот личен додаток може да се додели, к'е се одреди еден посебен личен додаток, земајк'и ги во поглед на одредувањето на неговата висина сите основи.

Висината на посебниот личен додаток ни во овој случај не може да ја премине сумата 3.000 динари ако се додатокот дава во постојан месечен износ, односно сумата од 10.000 динари ако со дава додатокот во вид на еднократна награда.

Член 40

Наредби што к'е бидат донесени врз основа на овој Правилник к'е се регистрираат кај Секретаријатот за персоналната служба на Владата на Народна Република Македонија.

Член 41

Секретарот за персоналната служба на Владата на Народна Република Македонија може да бара укинување или измена на решенијата со кои што се доделени посебни лични додатоци, во колку к'е установи дека решенијата не се донесени во духот на одредбите од овој Правилник.

Персоналните органи во министерствата, комитетите и комисиите на Владата, како и во самостојните установи при Владата и во извршните одбори на околиските и градските народни одбори к'е водат евиденција за посебните лични додатоци, било да се даваат во постојан месечен износ или во вид на еднократна награда, за сите подрачни надлештва, установи и претпријатија, по напатствијата што ги издава Секретаријатот за персоналната служба на Владата на Народна Република Македонија.

Секретаријатот за персоналната служба на Владата на Народна Република Мкедонија к'е води евиденција за бројното движење и за вкупниот износ на личните додатоци за сите ресори, како и евиденција по кој основ се доделени посебни лични додатоци.

Член 42

Средствата за исплата на посебните лични додатоци к'е се предвидат во предсметките и во финансиските планови одвоено од другите лични расходи.

Овие средства к'е се предвидат за поедини ресори односно самостојни установи во границите од 5 до 15% од вкупниот износ одреден за основните плати. Висината на постотокот ја одредува на почетокот од секоја година Министерот на финансиите во споразум со Претседателот на Владата, спрема карактерот и стварните потреби на поедините ресори односно установи.

## XI. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 43

Посебните лични додатоци, кои што на службениците им се доделени пред донесувањето на овој Правилник, к'е се сообразат со одредбите од овој Правилник во рок од два месеца по неговото влегување во сила со донесување нови решенија од страна на надлежните старешини односно органи.

Член 44

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија“.

Бр. 10375, 27 август 1948 год., Скопје.

Претседател на Владата,
Л. Колишевски, с. р.

**191**

Врз основа член 18 став 2 од Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија („Службен лист ФНРЈ“ бр. 45/48 год.) а во согласност со Претседателот на Планската комисија на НР Македонија и Министерот за трговија и снабдување на ФНРЈ, донесувам

# РЕШЕНИЕ

## ЗА РАБАТИ И МАРЖИ ЗА ПРОИЗВОДИ, ОДНОСНО ГРУПА ПРОИЗВОДИ ЗА КОИ ШТО СЕ ОДРЕДЕНИ ЕДИНСТВЕНИ ЦЕНИ СО ВАЖНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НР МАКЕДОНИЈА

I

За промет со производи односно група производи кои што се продаваат по пониски единствени цени се одредуваат следните рабати и маржи:

| ПРОИЗВОД | Рабат во % | | | | | Маржа во % | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на гол. | на мало | заед-нички | дод. на п. д | вкупно | на гол | на мало | заед-ничка | вкупна |
| **I ПРЕХРАНБЕНИ** | | | | | | | | | |
| Нетипизирани брашнени кондиторски производи (бисквити, кекс, двопек, медењаци); пудинзи, преработки од јајца, суви смокви и останало суво овоштие; варено овоштие; концентрати од овоштие; овошни сокови сирови (малинов и вишњев, сок засладен и останали овошни сирупи засладени) специјални дестилати и екстракти (коњак, рум, виски, арак, пунч и џин), слатки дестилати и екстракти (вишњевача, крушковача и останали слатки ракии); етри мирисави (есенции, ароми); ликери; нетипизирани слаткиши и бонбони; ванилин шекер, натриум бикарбонат (бикарбона сода — пакована); мирогии; сурогати на црн пипер и пипер; синап, сенф, кановина; цикорија, сладна кафа, чај, мелен пипер, лупен ориз, алва локум | 2,8 | 8,9 | — | 1,3 | 13 | 3 | 9 | — | 12 |
| Компоти од овоштие во тегли — — — — — — — — — | 2,8 | 8,4 | — | 0,8 | 12 | 3 | 8,5 | — | 11,5 |
| Минерална вода, сода вода, безалкохолни пијалоци, кисели | — | — | 10 | 1,20 | 11,20 | — | — | — | — |
| Компоти од овоштие и конзерви од овоштие и зарзават во лимени кутии — — — — — — — — — — — — — | 2,8 | 6,4 | — | 0,80 | 10 | 3 | 6,5 | — | 9,5 |
| Винска и оцетна киселина; укиселено овоштие и сушено овоштие — — — — — — — — — — — — — — | — | — | — | | — | 3 | 9 | — | 12 |
| **II ТЕКСТИЛ** | | | | | | | | | |
| Машка, женска и детска конфекција (памучна, волнена и свилена) шапки, качкети, капи и сл. — — — — — — — | — | — | 8,4 | 0,6 | 9 | — | — | — | — |
| Трикотажа; долни алишта (памучни, волнени и свилени); платнени предмети за облечување; машки, женски и детски чорапи; ракавици; шалови; беретки и сл. — — — — — — | 2,9 | 7 | — | 1,1 | 11 | — | — | — | — |
| Позамантерија: врвци, траки, гајтани, чипки машински; шамии; фитили и сл. — — — — — — — — — — — | 2,9 | 6,4 | — | 0,7 | 10 | — | — | — | — |
| Куделна јужарија, куделен канап и сл. — — — — — — | 2,9 | 8,9 | — | 0,7 | 12,5 | — | — | — | — |
| Килими, теписи, завеси, постели (душеци, јоргани, сламарици) за бришење кондури — — — — — — — — — | — | — | 8,4 | 0,6 | 9 | — | — | 8,5 | 8,5 |
| **III КОЖНИ И ГУМЕНИ ПРОИЗВОДИ** | | | | | | | | | |
| Чизми; гојзерици; работнички и војнички кондури, машки, женски и детски кондури и сандали (со кожен и гумен ѓон) и тоа рачни и полумашински изработки: опинци, папучи и сл. | — | — | 9,5 | 0,5 | 10 | — | — | — | — |
| Разни преработки од кожа; крзнарски изработки; седларско-сарачки производи; стражарски бунди — — — — — — | — | — | 8,4 | 0,6 | 9 | — | — | 8,5 | 8,5 |
| Кожна галантерија — — — — — — — — — — — — | 3,9 | 8,4 | — | 0,7 | 13 | — | — | — | — |
| Куфери — — — — — — — — — — — — — — | — | — | 8,4 | 0,6 | 9 | — | — | — | — |
| **IV ЖЕЛЕЗО И МЕТАЛИ** | | | | | | | | | |
| Жичано плетиво, железно и месингано; шајки од вклучително 1,8 мм. дебелина па на горе; останали ковани шајки; завртњи за дрво челични; закивци од челик, бакар и бакарни легури; текс рачни; бруквици; шајки за потковици рампи; чекани и клешти сите врсти; пили попречни и на трака; бургии за дрво; чункови и колена; тегови железни и тегови во гарнитура и сл. — — — — — — — — — — — — — | 7 | 8 | — | 0,5 | 15,5 | 7 | 8 | — | 15 |
| Делови од плугови; прскалици за овоштие; цапини — — — | 7 | 9 | — | 0,5 | 16,5 | 7 | 9 | — | 16 |

| ПРОИЗВОД | Рабат во % | | | | | Маржа во % | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на гол. | на мало | заеднички | дод. на п. д. | вкупно | на гол. | на мало | заедничка | вкупно |
| Прекрупачи, сечки за репа и за шаша, ножици за гранки и жива ограда; ножеви калемарски; чешагии; потковици; мистрин, лажици и копатици зидарски; оков за коњска спрема; карабинери; жвала, клучеви за брави за врати, оков за сандаци; катанци; оков за орман; бравици за ролн ормани; оков за кожни и слични ковчези; прибор ситен во кук'анството (прибор за завеси, куки, прибор за обесување итн.) центрифугални пумпи; делови за лампи; лампи карбитски; прибор за јадење (лажици, вилушки ити.), мелници за ораси, кафе и месо, останали кујненски прибори (треници, отварачи за конзерви итн); прибор за пржење и печење од лим; сачеви од лим; жица за паркет; садови од железен лим; садови ливени; плочи за штедњаци; садови калаисани, к'умбиња од ливено железо; к'умбе од лим; делови за бицикли, децимални ваги; останали ваги, рачна колица — — — — — — — — | 6,5 | 8 | — | 0,5 | 15 | 6,5 | 8 | — | 14,5 |
| Преси за сено и делови — — — — — — — — — — — | — | — | — | — | — | - | — | 9 | 9 |
| Умиваоници иземајк'и ливените; кревети; уложци за кревети, ормани, нок'ни столчиња; чивилуци, детски колички; столни и зидни саати; хладњачи за храна иземајк'и електричните — — — — — — — — — — — — — — — | — | — | 8,4 | 0,6 | 9 | — | — | — | — |
| Ѓубравници, пегли, кујински прибор за чистење — — — | 4,9 | 7,4 | — | 0,7 | 13 | 5 | 7,5 | — | 12,5 |
| **V ЕЛЕКТРО-ТЕХНИЧКИ** | | | | | | | | | |
| Штедњаци, гладила; печки, усисачи за прашина; апарати за глачење на паркет; ситен инсталатерски материјал — — — | 5,8 | 9,4 | — | 0,8 | 16 | — | — | — | — |
| **VI ХЕМИСКИ ПРОИЗВОДИ** | | | | | | | | | |
| Водени бои (акварели); боја за кондури и паркет смоли; восок, свек'и, калафониум; кристална сода — — — — — | 3,9 | 7,4 | — | 0,7 | 12 | 3 | 8 | — | 11 |
| Бои за штембили; гумпротокс; отрови за глувци, лепила за муви; препарати против буби шваби; индиго папир; карбон папир; специјални папир хамер и паус) — — — — — | 4,4 | 9,4 | + | 1,2 | 15 | — | — | — | — |
| Мастило; тушеви; бои за умножавање; печатен восок; гумарабика; пантлика за писак'а машина; изработки од книги и картони; конфекција, коверти, писак'и поркел папир; папир за кореспонденција; блокови, нотеси, албуми; конфекција од папир за одржување на личен конфор и слично; кит; туткало; кожно; амбалажа од папир — — — — — — — | 4,8 | 10,4 | — | 0,8 | 16 | — | — | — | — |
| Грнчарија и други керамички работи за домакинство — — | — | — | — | — | — | — | — | 12 | 12 |
| Столни и џепни календари — — — — — — — — — — | — | — | — | — | — | 6,5 | 18,5 | — | 25 |
| **VII ПРОИЗВОДИ ОД ДРВО** | | | | | | | | | |
| Плетени производи — — — — — — — — — — — — — | 3,8 | 3,4 | — | 0,8 | 12 | 4 | 7,5 | — | 11,5 |
| Изработки од плута — — — — — — — — — — — — — | — | — | 9,4 | 0,6 | 10 | — | — | 9,5 | 9,5 |
| Четки и кистови; метли, дрвена галантерија; играчки од дрво; вили и лопати и слично — — — — — — — — — | 3,8 | 7,9 | — | 1,3 | 13 | 4 | 8 | - | 12 |
| Нетипизирани кук'на намештај (соби, кујински астали); сита, решета; канцелариски и школски намештај од савиено дрво; коларски изработки; типизирани запрежни возила и делови; рендиња; дрвени оквири за правење цреп и сл.; типизирани кошници — — — — — — — — — — — — — — | | — | 10 | 0,5 | 10,5 | — | — | 10 | 10 |
| Бачви сите врсти и димензии — — — — — — — — — — | — | - | 5,4 | 0,6 | 6 | — | — | 5,5 | 5,5 |

| ПРОИЗВОД | Рабат во % | | | | | Маржа во % | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | на гол. | на мало | заед-нички | дод. на п. д. | вкупно | на гол. | на мало | заед-ничка | вкупна |
| **VIII ГРАЃЕВИНСКИ МАТЕРИЈАЛ** | | | | | | | | | |
| Цигли; керамичен и ватрогасен материјал; армирани носачи на басамаци од бетон; мелничарски и воденичарски камења; ивичњаци, колобрани; момин камен; смеси за малтерисање на фасади и сл. | — | — | — | — | — | — | — | 8 | 8 |
| Керамиди и жлебнаци | — | — | — | — | — | — | — | 10 | 10 |
| Вар печена (непечена) | — | — | — | — | — | — | — | 10 | 10 |
| Розетни и вратички за оџаци од армирано цементо; цевки од армирано цементо; цементски плочи; цевки од глина; плочи за кумбиња, зидови и патоси; хераклит, изолит, трска | — | — | — | — | — | — | — | 9 | 9 |
| **IX МУЗИКАЛНИ** | | | | | | | | | |
| Дрвени музички инструменти, музички инструменти; грамофони; грамофонски плочи | — | — | — | — | — | 5 | 11 | — | 16 |
| **X ДРВО ЗА ОГРЕВ** | — | — | — | — | — | — | — | 8 | 8 |
| **XI ДРВЕН ЈАГЛЕН** | — | — | — | — | — | — | — | 10 | 10 |
| **XII БИЖУТЕРИИ И НАКИТИ И ДЕТСКИ АЛАТКИ** | — | — | — | — | — | 2 | 5 | — | 7 |

За прометот со производи од предната табела што се продаваат по повисоките единствени (комерцијални) цени важат прописите како и работите и маржите, што се одделно одредени.

II.

Стопите на рабатите од точ. I од ова решение к'е се применуваат само на оние производи односно групи производи за кои што се пропишуваат пониски единствени цени во продавањето на мало.

Стопите на маржата на точ. I од ова решение к'е се применуваат на оние производи односно групи производи за кои што се пропишуваат пониски единствени продавни цени на производителите.

## ПРОПИСИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРОМЕТ НА СТОКА ЗА КОЈА СЕ ОДРЕДЕНИ РАБАТИ

III.

Рабатот служи за покривање на сите трошкови од чл. 3 на Уредбата за трошковите на државните трг. претпријатија, во поглед на работењето со производите за кои што се пропишани пониски единствени цени во продавањето на мало.

IV.

Рабатите од точ. 1 од ова решение одредени за трговските претпријатија на големо и за трговските претпријатија на мало им служат на овие за покривање на сите трошкови од чл. 3 на Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија.

Заедничките рабати од точ. 1 на ова решение одредени се за оние производи со единствена цена во продавањето на мало кои што, по правило, одат од производителот до консуматорот само преку еден посредник. Заедничкиот рабат служи за покривање на сите трошкови од чл. 3 на Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија.

Просечните додатоци за појасевите на допремање служат за покривање на зголемените трошкови на допремањето на оние трговски претпријатија на мало што се наоѓаат во вториот, третиот и четвртиот појас на допремање во смисла на дадените прописи од ова решение.

V.

Се одредуват четири појаса на допремање:

а) првиот појас на допремање ги опфак'а сите трговски претпријатија на мало што се наог'аат во местата покрај истоварните станици или во местата што се далеку до 5 км од нивната истоварна станица;

б) вториот појас на допремање ги опфак'а сите трговски претпријатија на мало што се наог'аат во местата што се далеку преку 5 км., а заклучно до 20 км. од нивната истоварна станица.

в) третиот појас на допремање ги опфак'а сите трговски претпријатија на мало што се наог'аат во местата далеку преку 20 км., а заклучно до 50 км. од нивната истоварна станица; и

г) четвртиот појас на допремање ги опфак'а сите трговски претпријатија на мало што се наог'аат во местата далеку преку 50 км. од нивната истоварна станица.

Ако е истоварната станица на трговското претпријатие на мало наедно и истоварна станица на производителното претпријатие односно на трговското претпријатие на големо (заедничка истоварна станица); а седиштата на овие претпријатија не се наоѓаат во истото место, појасевите на допремање во однос на тие истоварни к'е се одредуват спрема далечината меѓу трговското претпријатие на мало

и местото на односно производително претпријатије или трговското претпријатие на големо.

На начинот од предниот став к'е се одредуваат појасевите на допремање и тогаш, ако од причина на рационалното превозење, со договор се одреди дека испорачката на трговското претпријатие на мало не се врши преку негова та истоварна станица, туку на некој друг начин.

VI

Производителни претпријатија односно трговски претпријатија на големо к'е им одобруваат на трговските претпријатија на мало, покрај рабатите што во смисла на ова решение им припаг'а, уште и следни додатоци за појасевите на допремање.

| ЗА ПРОИЗВОДИ | Додаток за појасевите во % | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I | II | III | IV |
| 1) Текстил, обувки, саати за џеп, приемници, кибрит, фотографски апарати, парфимерија и козметика . . . . . . | — | 0,3 | 0,6 | 1,2 |
| 2) Оловни миниј, земјани бои, ретортни дрвени јаглен, брикети на дрвен јаглен, вештачки гној . . . . . . . | — | 1 | 2 | 4 |
| 3) Други индустриски производи . . . | — | 0,5 | 1 | 2 |

Предните додатоци за појасевите на допремање к'е ги одобруваат производителните претпријатија, односно трговските претпријатија на големо од просечниот додаток за појасевите на допремање.

Производителните претпријатија и трговските претпријатија на големо должни се за продадената стока да водат книговодствена евиденција како на примените просечни додатоци за појасевите на допремање, така и на сите додатоци за појасевите на допремање што к'е ги одобрат во смисла на оваа точка.

Разликите што к'е се покажат на односните конта во книговодството од производственото претпријатие и од трговското претпријатие на големо к'е се пресметуваат со буџетот на надлежниот орган и тоа преку својот административно-оперативен раководител.

VII.

Во случаите кога производителните претпријатија им испорачуваат на трг. претпријатија на големо или на задружните сојузи производи со единствени цени во продавањето на мало, тогаш на овие им го одобруваат вкупниот одреден рабат.

VIII.

Трговските претпријатија на големо при продавањето на производи со единствени цени во продавањето на мало од своето складиште, к'е им одобрува на трговските претпријатија на мало рабат што е одреден за трговските претпријатија на мало и одреден додаток за односниот појас на допремање.

IX.

Во случаите кога трговските претпријатија на мало набавуваат непосредно од производителот производи со единствени цени во продавањето на мало, најмалку во количини што се како минимални одредени за испорачка непосредно од фабрики, тогаш производителните претпријатија се должни на трговските претпријатија на мало да им одобруваат покрај одредениот рабат за трговските претпријатија на мало и одредениот додаток за односниот појас на допремање, уште и 50% рабат што е одреден за трговските претпријатија на големо.

Во случај кога трговските претпријатија на мало набавуваат непосредно од производителот производи со единствени цени во продавањето на мало во количини помали од оние што се одредени како минимални за испорачка непосредно од фабрики, а најмалку во количини што се како минимални одредени за испорачка од индустриски складишта (бази); тогаш производителните претпријатија им одобруваат на трговските претпријатија на мало само рабат што е одреден за трговските претпријатија на мало и одреден додаток за односниот појас на допремање.

X.

Во случаите кога производителните претпријатија им испорачуваат на трговските претпријатија на големо и на задружните сојузи производи односно групи производи од точ. 1 од ова решение за кои што е одреден заеднички рабат к'е им го одобруваат вкупниот одреден рабат т. е. заеднички рабат и просечен додаток за појасевите на допремање.

При испорачкате на производите од предниот став на трговските претпријатија на мало, производителните претпријатија к'е им одобруваат на овие цел одреден заеднички рабат и одреден додаток за односниот појас на допремање без оглед на количини.

XI.

Во случаите кога државните надлештва, установи, народните и општествените организации што купуваат стока поради непосредно трошење, или претпријатија што купуваат стока со цел за натамошна изработка, преработка или доработка, набавуваат непосредно од производителите производи со единствени цени во продавањето на мало, тогаш производителните претпријатија к'е им одобруваат на овие рабат на ист начин како е пропишано во точ. IX. од ова решение за испорачка на трговските претпријатија на мало, со таа разлика што на овие купувачи нема да им одобруваат никаков додаток за појасот на допремање.

Во случаите кога купувачите од предниот став на оваа точка набавуваат наведени производи од складишта на трговско претпријатие на големо тогаш трговските претпријатија на големо се должни да им го одобрат само одредениот рабат за трговските претпријатија оа мало, без додаток за појасот на допремање. Ова не се однесува на случајот кога наведените купувачи ги купуват односните производи во количини што се убичаени за продавањето на консуматорите од страна на трговските претпријатија на мало. Во тој случај трговските претпријатија на големо продаваат стока по единствената цена во продавањето на мало т. е. без одобрение на некаков рабат и стоката ја испорачуваат франко своето складиште.

Во случаите кога државните индустриски претпријатија купуваат од производителните претпријатија производи со единствени цени во продавањето на мало и истите ги упо-

1) На трговско претпријатие на големо и на задружни сојузи к'е ги продаваат наведените производи по прописаната пониска единствена продавна цена на производителот, без да засметат некаква маржа.

По прописаната пониска единствена продавна цена на производителот к'е им продаваат на трговските претпријатија на мало кога овие набавуваат непосредно од нив производи за кои што во точ. I од ова Решение е одредена заедничка маржа.

2) Ако наведените производи ги продаваат непосредно на трговските претпријатија на мало во смисла на ставот 2 точ. XVII и на купувачите во смисла на ставот 1 точ. XVIII или при испорачките од точката XIX од ова решение, тогаш на прописаната пониска единствена продавна цена на производителот к'е го засметаат делот на маржата кој во смисла на тие прописи им припаг'а.

XXIV

Трговските претпријатија на големо при продавањето производи со пониски единствени продавни цени на производителот од своето складиште формираат своја продавна цена на следен начин:

На прописаната пониска единствена продавна цена на производителот прво ја засметуваат маржата што им во тој случај припаг'а, а потоа го додаваат фактичното плак'ање на зависните трошкови (трошкови на товарење, истоварување и превоз од истоварната станица до своето складиште).

XXV

Продавачите на мало при продавањето пр[illegible] со пониски единствени продавни цени на производителот формираат своја продавна нена на следен начин:

1) Кога набавуваат непосредно од производителот производи за кои во точката I од ова Решение е одредена заедничка маржа, тогаш на прописаната пониска единствена продавна цена на производителот прво ја засметуват одредената заедничка маржа, а потоа ги додаваат стварно платените зависни трошкови (трошкови на товарење, истоварување и превоз од истоварната станица до своето складиште).

2) Кога набавуваат стока непосредно од производителот во смисла на ст. 2 и 3 точ. XVII од ова Решение, тогаш на прописаната пониска единствена продавна цена на производителот прво ја засметуваат маржата што во смисла на наведените прописи им припаг'а а потоа ја додаваат:

а) разликата помег'у прописаната пониска единствена продавна цена на производителот и фактурисаната продавна цена на производителното претпријатие (пониска единствена продавна цена на производителот со маржата или со делот од одредената маржа за трговските претпријатија на големо);

б) фактичното плак'ање на зависните трошкови.

3) Кога набавуваат стока од трговското претпријатие на големо а ова истата им ја испорачува од своето складиште, тогаш на прописаната пониска единствена продавна цена на производителот прво ја засметуваат маржата што е одредена за трговските претпријатија на мало, а потоа ја додаваат:

а) разликата помег'у прописаната пониска единствена продавна цена на производителот и фактурисаната продавна цена на трговското претпријатие на големо (пониска единствена продавна цена на производителот + маржата на трговското претпријатие на големо + трошковите на истоварот, утоварот и превозот од истоварната станица до стовариштето на трговското претпријатие на големо;

б) фактично платените зависни трошкови (истоварување, товарење, превозење и подвоз) од складиштето на трговското претпријатие на големо до своето складиште.

4) Кога набавуваат стока од трговското претпријатие на големо, а ова истата им ја испорачува од складиштето на производителот (транзитно) тогаш на прописаната пониска единствена продавна цена на производителот прво ја засметуваат маржата која што во тие случаи им припаг'а (точ. XIX), а потоа додаваат:

а) разликата помег'у прописаната пониска единствена продавна цена на производителот и фактурисаната продавна цена на производителното претпријатие (пониската единствена продавна цена на производителот + делот на маржата што му припаг'а на производителот во смисла на точ. XIX);

б) транзитната маржа што е одредена за трговското претпријатие на големо; и

в) фактично платените зависни трошкови од истоварната станица до своето складиште.

## ЗАЕДНИЧКИ ПРОПИСИ ШТО СЕ ОДНЕСУВААТ НА ПРОМЕТ СО СТОКА ЗА КОЈА СЕ ОДРЕДЕНИ РАБАТИ И НА ПРОМЕТ СО СТОКА ЗА КОЈА СЕ ОДРЕДЕНИ МАРЖИ

XXVI

За прометот помег'у задружните сојузи и задруги, надлежниот задружен орган к'е донесе прописи во поглед на начинот за одредување појасевите на допремање и местото за испорачка на стоката, како и поделбата на одредените вкупни рабати и маржи мег'у задружните сојузи и задруги.

XXVII

Прописите за одобрување рабати и засметување маржи, што се со ова Решение предвидени за трговските претпријатија на мало, важат и за задругите доколку истите набавуваат стока непосредно од производителното претпријатие односно од трговското претпријатие на големо без учествување на задружните сојузи.

Како производителни претпријатија во смисла на прописите од ова Решение се подразбираат како фабриките така и индустриските складишта (бази) спрема тоа од дека им се врши испорачката на стока на купувачите.

XXVIII

Одредените рабати за трговските претпријатија на големо или делот на тие рабати, што остануваат на производителните претпријатија во смисла на точ. IX, XI и XII, како и маржите кои што производителните претпријатија ги засметуваат во смисла на точ. XVII, XVIII и XIX од ова Решение к'е го употребат производителните претпријатија во смисла на одделни [illegible]

XXIX

Трговските претпријатија на големо должни се од примените рабати и засметаните маржи да одвојат:

1) на име доприносот за амортизација — — — 0,060%
2) на име доприносот за Фонд за рационализација 0,040%
3) на име доприносот за Фонд на раководството 0,030%
4) на име доприносот за издигање кадрови — — 0,040%

Остатокот на рабатите односно на маржите трговските претпријатија на големо к'е ги употребат за покривање трошковите за набавки и продавање.

XXXVII

Ако за поедини производи од точ. 1 на овза решение е прописана привремено единствена продавна цена на производителот франко натоварено во вагон од местото на производителот, тогаш за тие производи не важат прописите на точ. XIV став 1, XII став 1, XXV, XXVI, XXXII, од ова решение. За тие производи важат следните прописи:

а) производителните претпријатија ги испорачуваат наведените произвди франко натоварено во вагон, шлеп или пароход од својата товарна станица:

б) квантитативното примање на стока се врши на товарната станица а квалитативното примање на складиштето од купувачот;

в) трошковите од товарната станица на производителот до истоварната саница на купувачот ги сноси купувачот и ги засметува во продавната цена;

г) купувачот ја засметнува својата одредена маржа на прописаната единствена продавна цена на производителот франко натоварено во вагон, шлеп или пароход на товарната станица.

Другите прописи од ова решение важат во овој случај со разлика што како единствена продавна цена на производителот франко вагон, шлеп или пароход на истоварната станица на купувачот се зема во оглед продавната цена на производителот франко натоварено во вагон, шлеп и пароход на товарната станица од местото на производителот.

XXXVIII

Во срок од 30 дена по објавувањето на ова решение дирекциите на Министерството на индустрија и рударство на НРМ должни се да изработат списоци на своите производи во кои што точно ке ги одредат минималните количини за испорачка на трговските претпријатија на мало како непосредно од фабрика, така и од фабричките складишта (бази). Овие списоци ке ги објави напред наведеното Министерство во согласност со Министерот за трговија и снабдување на НРМ. По објавуењето на овие списоци ке престане да важи Правилникот за минималните количини на стока што се испорачуваат директно од производителните претпријатија („Службен лист на ФНРЈ" — бр. 109/47).

До обнародувањето на списоците од предниот став ке важат натаму прописите од Правилникот споменат во предниот став.

XXXIX

Прописите од ова решение нема да се применуваат на оние испорачки што се век'е пресметани по досегашните прописи.

XXXX

Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ", а ке се применува од 1 јули 1948 годи. на кој ден престануваат да важат прописите на Решението од Претседателот на Републиканската Планска Комисија на Македонија („Службени соопштенија на ЗУЦ" бр. 2 од 31 III 1947 год.).

12066 28 VII 48 г. Скопје.

Министер
за трговија и снабдување
А. Каневче с. р.

Согласен
Го заступа Претседателот
на Планската Комисија
Потпретседателот
на Владата на НРМ
Н. Минчев, с. р.

Претседателството на Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија по извршеното сравнување со извршениот текст на Законот за аграрната реформа и колонизација на територијата на Народна Република Македонија установи, да во Законот за аграрната реформа и колонизација на територијата на Народна Република Македонија, објавен во „Службениот весник на Народна Република Македонија" Бр. 3 од 6 февруари 1948 година, се направени допунаведените печатни грешки, поради кое ја дава следната

ИСПРАВКА

НА ЗАКОНОТ ЗА АГРАРНАТА РЕФОРМА И КОЛОНИЗАЦИЈА НА ТЕРИТОРИЈАТА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1) Во чл. 2 ст. 2 последен ред на место „25" треба да стои „27".

2) Во чл. 4 ст. 1 први ред во заградата след буквата в) треба да стои запета а след запетата буквата б) мег'у буквите „в" и „и";

3) Во член 4 ст. 6 втори ред на место „одрдена" треба да стои „одредена";

4) Во член 8 ст. 1 девети ред во заградата на место „21" треба да стои „23";

5) Во член 8 ст. 4 први ред мег'у зборовите „печалбари иселеници" треба да стави спојката „и";

6) Во член 24 ставот 2 треба да гласи: „Поблиски одредби и постапката при извршуење на внатрешната колонизација к'е бидат пропишани од Министерот за земјоделие и шумарство;

7) Во член 30 ст. 1 трети ред на место „г" треба да стои „г'";

8) Во член 30 на место ставот 4 треба да стојат ставови кои што гласат:

„На експроприраните власници к'е им се исплати накнада пресметана на начин посочен во чл. 7 ст. 1 од овој закон"

„Како и колку к'е се додепуат и под каков режим к'е бидат земјите под шума, пасишта, вода и слично се одредуе со Основниот закон за постапуење со експроприраните и конфискованите шумски поседи";

9) Во член 34 ст. 2 први ред пред зборот „ги" треба да стои зборовите „кои што";

10) Во член 38 ст. 1 втори ред на место „12" треба да стои „14";

11) Во член 41 ст. 2 втори ред мег'у зборовите „на" и „околиски" треба да стојат зборовите: „извршенте одбори на";

12) Во член 45 претпоследен и последен ред на место „органи на власта" треба да стои „државни органи".

К. У. Бр. 15/48 1948 год. Скопје

Од Претседателството на Президиумот
на Народното собрание
на Народна Република Македонија

СОДРЖИНА


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 190 | Правилник за посебните лични додатоци на државните службеници на НРМ — — — — — — — — | 209 |
| 191 | Решение за рабатни маржи за производи односно група производи за кои што се одредени единствени цени со важност на територијата на НРМ — — — | 214 |
| | Исправка на Законот за аграрната реформа и колонизација на територијата на НРМ — — — — — — | 223 |


Издава и редактира: „Службен весник на НРМ" — новинско издателско претпријатие — Скопје ул. Маршал Тито бр. 10 — тел. 696. Пошт. фах. 51 — Одговорен уредник Љубомир З. Исанев — ул. [illegible] бр. 5 — Печат: Печ. „Гоце Делчев"—Скопје